СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 102 Год. LXIII Среда, 22 август 2007 Цена на овој број е 220 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1322.	**Уредба** за видот на плановите, програмите, потпрограмите, активностите и потребните ресурси за нивна реализација и финансиските средства, начинот на изработката, содржината и структурата на истите	2
1323.	**Одлука** за основање на Државен студентски дом во Пробиштип	3
1324.	**Одлука** за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“ во Скопје	4
1325.	**Одлука** за пренесување на правото на сопственост на движна ствар-патничко моторно возило	5
1326.	**Одлука** за давање согласност на договор за давање на времено користење на движни ствари	5
1327.	**Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за 2007 година и Планот за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2007 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони	5
1328.	**Одлука** за престанок и за давање на користење на недвижни ствари	5
1329.	**Одлука** за престанок и давање на користење на недвижна ствар	6
1330.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за формирање на Меѓуминистерски комитет за координација на подготовката на Нацрт национален развоен план на Република Македонија 2007 – 2013 (2007-2009)	6
1331.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за определување на бројот на регистри и контролни точки во министерствата, другите органи на државната управа и други државни органи	6
1332.	**Одлука** за поделба на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје	6
1333.	**Одлука** за купување или градба на објекти за Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство	10
1334.	**Програма** за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија за 2007 година	11
	Исправка на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари	11
1335.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за класификација на приходите	11
1336.	**Упатство** за дополнување на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и повраг на јавните приходи	12
1337.	**Правилник** за определување на категориите и видовите мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видовите мерила за кои може да се добие овластување за верификација	12

		Стр.
1338.	**Решение** за поништување на Одлука за признавање високообразовна квалификација стекната во странство.....	**13**
1339.	**Решение** за поништување на Одлука за признавање високообразовна квалификација стекната во странство.....	**13**
1340.	**Решение** за поништување на Одлука за признавање високообразовна квалификација стекната во странство.....	**13**
1341.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.....	**14**
1342.	**Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.....	**14**
1343.	**Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе.....	**14**
1344.	**Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани	**14**
1345.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.....	**14**
1346.	**Решение** за давање одобрение за основање на друштво за управување со фондови.....	**14**
1347.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**15**
1348.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**15**
1349.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**15**
	Фонд за здравствено осигурување на Македонија	
172.	**Листа на лекови** кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.....	**16**
173.	**Одлука** за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика.....	**48**
174.	**Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите……..	**51**
	Царинска управа на РМ	
175.	**Ревидирана Аруша декларација - Декларација** на Советот за царинска соработка во врска со доброто владение и интегритетот на Царината.....	**51**
	Огласен дел.....	**1-60**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1322.

Врз основа на член 47 став 3 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ВИДОТ НА ПЛАНОВИТЕ, ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ, АКТИВНОСТИТЕ И ПОТРЕБНИТЕ РЕСУРСИ ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА И ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА, НАЧИНОТ НА ИЗРАБОТКАТА, СОДРЖИНАТА И СТРУКТУРАТА НА ИСТИТЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат видот на плановите, програмите, потпрограмите, активностите, потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и начинот на изработка, содржина и структура на истите.

Член 2

За изработка на плановите, програмите и потпрограмите, кои се предвидени во оваа уредба, од страна на Центарот за управување со кризи (во натамошниот текст: ЦУК), како стручен носител, се обезбедува постојана комуникација, координација и соработка со останатите субјекти во системот за управување со кризи, согласно со прописите за управување со кризи.

II. ПЛАНОВИ

Член 3

Под планови во смисла на оваа уредба, се подразбираат документи во кои е утврден процес на континуирано поставување на цели, дефинирање на приоритети, редослед на задачи и активности за нивна реализација, во рамките на ЦУК и останатите субјекти кои остваруваат одредена функција во системот за управување со кризи согласно прописите за управување со кризи.

Член 4

Видовите на планови кои се изработуваат за потребите на системот за управување со кризи, се определуваат според:

1) временската рамка на која се однесуваат;

2) содржината и нивото на кое се изработуваат и донесуваат и

3) предметот кој потесно го регулираат.

Член 5

Според временската рамка на која се однесуваат, плановите за потребите на системот за управување со кризи можат да бидат:

1) Долгорочни планови;

2) Среднорочни планови и

3) Краткорочни планови.

Член 6

Долгорочните планови ја опфаќаат организацијата на структурата, изградбата и развојто на системот за управување со кризи, а се однесуваат на период до 10 години.

Среднорочните планови претставуваат програмски континуитет на долгорочните планови и преодна фаза кон краткорочните планови, а се однесуваат на период до 5 години.

Краткорочните планови ги детализираат среднорочните планови и се преземаат оперативни процедури за реализација на истите, а се однесуваат на пократок временски период, до една година, (годишни, полугодишни, кварталниот и месечни планови).

Член 7

Според содржината и нивото на кое се изработуваат и донесуваат, плановите кои се изработуваат за потребите на системот за управување со кризи, можат да бидат:

1) Стратешки план за управување со кризи;

2) Планови-програми за изградба и развој на ситемот за управување со кризи;

3) Оперативни планови за извршување на работите за управувањето со кризи.

Член 8

Стратешкиот план за управување со кризи ги утврдува долгорочните цели и приоритети на системот, ја определува политиката, основните активности и ги дефинира потребите од ресурси и капацитети за извршување на работите во врска со управувањето со кризи.

Плановите-програмите за изградба и развој на ситемот за управување со кризи ги детализираат целите и приоритетите утврдени во Стратешкиот план, во редослед на задачи и активности, со дефинирана временска рамка за извршување и определени финансиски средства со кои се обезбедуваат можности и капацитети за реализација на целите.

Со Оперативните планови за извршување на работите за управувањето со кризи се определува начинот на реализација на плановите и програмите за потребите на системот за управување со кризи, и определување на оперативни процедури и постапки за работа и нивно спроведување.

Член 9

Според предметот кој потесно го регулираат плановите се однесуваат на:

1) Планови за развој и опремување со материјално-технички средства и опрема кај субјектите кои остваруваат определени функции за потребите на системот за управување со кризи,

2) Планови за развој и усовршување на персоналот кај субјектите кои се носители на определени функции и задачи за потребите на системот за управување со кризи,

3) Планови за изградба и уредување на објекти, капацитети и инфраструктура кај субјектите кои остваруваат определени функции за потребите на системот за управување со кризи,

4) Планови за редовно работење и оперативно одржување на опремата, капацитетите и инфраструктурата кај субјектите кои остваруваат определени функции за потребите на системот за управување со кризи,

5) Други планови во кои поблиску се определуваат посебни активности на субјектите кои остваруваат определени функции за потребите на системот за управување со кризи.

III. ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ

Член 10

Под програми и потпрограми во смисла на оваа уредба се подразбираат посебни делови од планот, кои се однесуваат на одредена функционална област на системот за управување со кризи со кои се разработува потесна проблематика или пократок временски период од оној кој е опфатен во планот.

Член 11

Во зависност од тоа, што е предметот на потесно и попрецизно дефинирање, програмите и потпрограмите кои ги предвидува оваа уредба, можат да бидат:

1) Програми и потпрограми за развој на системот за управување со кризи и опремување со материјално-технички средства и опрема;

2) Програми и потпрограми за развој и усовршување на персоналот;

3) Програми и потпрограми за изградба и уредување на објекти, капацитети и инфраструктура;

4) Програми и потпрограми за редовна работа и оперативно одржување на опремата и инфраструктурата;

5) Други програми и потпрограми.

Член 12

Со програмите и потпрограмите за развој и опремување со материјално-технички средства и опрема потесно се определува видот, количината, намената, временската рамка, цената и други попрецизни елементи за средствата и опремата кои претставуваат предмет на интерес во планот од кој произлегуваат.

Со програмите и потпрограмите за развој и усовршување на персоналот потесно се определеуваат потребите кои се однесуваат на општа и стручно-специјалистичка едукација и обука, а се однесуваат на персонал или носители на посебни функции кај субјектите, учесници во системот за управување со кризи.

Со програмите и потпрограмите за изградба и уредување на објекти, капацитети и инфраструктура за потребите на системот за управување со кризи, потесно се определуваат потребите кои се однесуваат на изградбата и реконструкција на објекти, капацитети, постројки и друга инфраструктура неопходна за остварување на работи и активности во остварувањето на системот за управување со кризи.

Со програмите и потпрограмите за редовна работа и оперативно одржување на опремата и инфраструктурата се определуваат активности и задачи кои се однесуваат на извршувањето на редовни дејности, обезбедување на техничка исправност на опремата, функционалност на инфраструктурата и капацитетите, во субјектите кои остваруваат определени функции за потребите на системот за управување со кризи.

Со другите програми и потпрограми поблиску се определуваат посебните активности кај субјектите учесници во системот за управување со кризи.

IV. АКТИВНОСТИ

Член 13

Под активности во смисла на оваа уредба се подразбираат сите мерки, постапки и процедури кои ги преземаат субјектите и носителите кои учествуваат во системот за управување со кризи, за изработка на плановите, програмите и потпрограмите, а со кои се обезбедува нивна постојана меѓусебна комуникација, координација и размена на информации и податоци.

V. РЕСУРСИ

Член 14

Потребните ресурси и финансиски средства обезбедени согласно Законот за управување со кризи, за плановите, програмите и потпрограмите се реализираат преку организиран систем на постојана комуникација, координација и соработка од страна на ЦУК со субјектите од член 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/2005).

VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 15

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-4768/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

1323.

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за ученички и студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98 и 40/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ ВО ПРОБИШТИП

Член 1

Со оваа одлука се основа Државен студентски дом во Пробиштип.

Член 2

Називот на Државниот студентски дом е „Доне Божинов“.

Седиштето на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ е во Пробиштип.

Член 3

Дејноста на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип е реализирање и остварување на обезбедување и сместување, исхрана, како и културни, информативни и спортско рекреативни потреби на студентите.

Член 4

Во Државниот студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип дејност од член 3 на оваа одлука ќе се реализира и остварува почнувајќи од 28 август 2007 година.

Член 5

За извршување на подготовките за почеток со работа на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип, се формира Комисија во состав:

1. Гуле Гулев од Министерството за образование и наука,
2. Снежана Лузевска од Министерството за образование и наука,
3. Милка Масникоса од Министерството за образование и наука.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука Државниот ученички дом „Доне Божинов“ во Пробиштип продолжува да работи како Државен студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип.

Член 7

Вработените, средствата, просторот, опремата и нагледните средства од Државниот ученички дом „Доне Божинов“ во Пробиштип ги презема Државниот студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип.

Член 8

Формирањето на управниот одбор, донесувањето на статутот и именувањето директор на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ во Пробиштип ќе се изврши во рок од еден месец од денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Уписот во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5044/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1324.

Врз основа на член 10, став 2, 11, 12 и 13 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје.

Член 2

Одобрението од член 1 на оваа одлука се дава врз основа на поднесокот (барањето) од QSI Љубљана.

Член 3

Во приватното средно училиште од член 1 на оваа одлука ќе се организира и остварува настава за гимназиско образование за природно-математичко, јазично-уметничко и општествено-хуманистичко подрачје, согласно Законот за средното образование.

Член 4

Потребниот наставен кадар кој ќе изведува настава во Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје е согласно Нормативот за наставниот и друг кадар во средното образование.

Во прва година на образование наставата ќе ја изведуваат 10 наставници, во втора година на образование 10 наставници, во трета година на образование 8 наставници и во четврта година на образование 9 наставници.

Член 5

Потребната опрема за опремување на Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје е согласно нормативите утврдени за оваа дејност.

Член 6

Приватното средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје ќе биде сместено во објект на улица „Илинденска“ бб, со вкупна површина од 1050 м2.

Член 7

Бројот на учениците кои ќе се запишат во учебната 2007/2008 година ќе изнесува четири паралелки, додека за наредните учебни години за бројот на паралелките ќе одлучува основачот.

Член 8

Наставата во Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје ќе се изведува на англиски јазик и неговото писмо.

Член 9

Програмата за воспитно-образовната дејност на Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје е соодветна на програмата за гимназиско образование кое се остварува во државните средни училишта во Република Македонија.

Член 10

Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје ќе отпочне со работа од 1 септември 2007 година, по добивањето на решение за верификација од Министерството за образование и наука.

Член 11

Средствата потребни за работа на Приватно средно училиште „QSI ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ“, во Скопје ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4705/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1325.

Врз основа на член 55 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНА СТВАР-ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 1

Со оваа одлука се пренесува правото на сопственост на движна ствар – патничко моторно возило Застава Југо 55 АХ со број на мотор 1141899, број на шасија 00217793, година на производство 1988, сила на мотор 40 Кс, работна зафатнина 1116, број на седишта 5, боја 40/зелена со регистарски број SK-690-ММ, без надомест од досегашниот корисник Министерството за транспорт и врски на општина Битола.

Член 2

Примопредавањето на движната ствар – патничко моторно возило ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Министерството за транспорт и врски и општина Битола во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4898/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1326.

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Со оваа одлука, Владата на Република Македонија дава согласност на договор за давање времено користење на движни ствари, меѓу Министерството за одбрана и Министерството за образование и наука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4931/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1327.

Врз основа на член 13, став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА 2007 ГОДИНА И ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2007 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за 2007 година и Планот за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2007 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. УО 139/1 и бр. УО 140/1 од 15.08.2007 година, донесени од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 15.08.2007 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1072/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1328.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижни ствари – објекти во Касарната „Христијан Тодоровски Карпош“ во Куманово и земјиштето под објектите, сопственост на Република Македонија, лоциран на КП бр. 16139, КО Куманово, запишан во Имотен лист бр. 14368 на Државниот завод за геодетски работи – Одделение за премер и катастар – Куманово, и тоа:

- објект број 2 во површина од 995,00 м2,
- објект број 8 во површина од 547,00 м2,
- објект број 9 во површина од 192,00 м2,
- објект број 10 во површина од 391,00 м2.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на користење на Министерството за образование и наука.

Член 2

Предавањето и приемот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука со целокупната инфраструктура, проектна и техничка документација, ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за образование и наука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4726/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1329.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

На досегашниот корисник Управата за заштита на културното наследство – Скопје му престанува користењето на недвижната ствар – лозје 3 класа, со површина од 1451 м2 на Катастарска Парцела бр. 18120 план 084 скица 295 во викано место Хераклеа, евидентирано на Имотен лист бр. 9113 за КО Битола, имот во сопственост на Република Македонија.

Недвижната ствар од став 1 на овој член се дава на користење на новиот корисник – Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола, единка, корисник на Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Користењето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишан во член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Управата за заштита на културното наследство – Скопје и новиот корисник Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4134/1
25 јули 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1330.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06)), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУМИНИСТЕРСКИ КОМИТЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА НАЦРТ НАЦИОНАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2007 – 2013 (2007-2009)

Член 1

Во Одлуката за формирање на Меѓуминистерски комитет за координација на подготовката на Нацрт национален развоен план на Република Македонија 2007 – 2013 (2007-2009) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/06), во член 2, по точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:

„3. Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за земјоделство и образование“.

Точките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4905/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1331.

Врз основа на член 63, став 4 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА РЕГИСТРИ И КОНТРОЛНИ ТОЧКИ ВО МИНИСТЕРСТВАТА, ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

Член 1

Во Одлуката за определување на бројот на регистри и контролни точки во министерствата, другите органи на државната управа и други државни органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/04), во членот 2 став 1 по алинеја 10 се додава нова алинеја 11 која гласи: „Центар за управување со кризи“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2756/1
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1332.

Врз основа на член 91, став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06 и 5/07), а во врска со член 34, ставовите 1 и 2 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/05 и 120/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.06.2007 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОДЕЛБА НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Член 1

Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје, се дели во следниве јавни здравствени установи и тоа:

1. Јавна здравствена установа Институт за радиологија – Скопје.
2. Јавна здравствена установа Институт за радиотерапија и онкологија – Скопје.
3. Јавна здравствена установа Клиника за кардиологија – Скопје.
4. Јавна здравствена установа Институт за клиничка биохемија-Скопје.
5. Јавна здравствена установа Клиника за нефрологија – Скопје.
6. Јавна здравствена установа Клиника за гастроентерохепатологија - Скопје.
7. Јавна здравствена установа Клиника за пулмологија и алергологија-Скопје.
8. Јавна здравствена установа Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје.
9. Јавна здравствена установа Клиника за ревматологија-Скопје.
10. Јавна здравствена установа Клиника за хематологија-Скопје.
11. Јавна здравствена установа Клиника за токсикологија-Скопје.
12. Јавна здравствена установа Клиника за детски болести-Скопје.
13. Јавна здравствена установа Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје.
14. Јавна здравствена установа Клиника за дерматологија-Скопје.

15. Јавна здравствена установа Клиника за неврологија-Скопје,
16. Јавна здравствена установа Клиника за трауматологија-Скопје.
17. Јавна здравствена установа Клиника за урологија-Скопје.
18. Јавна здравствена установа Клиника за неврохирургија-Скопје.
19. Јавна здравствена установа Клиника за дигестивна хирургија-Скопје.
20. Јавна здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје.
21. Јавна здравствена установа Клиника за детска хирургија-Скопје.
22. Јавна здравствена установа Клиника за детска хирургија-Скопје.
23. Јавна здравствена установа Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ)-Скопје.
24. Јавна здравствена установа Клиника за ортопедски болести-Скопје.
25. Јавна здравствена установа Клиника за уво, нос и грло-Скопје.
26. Јавна здравствена установа Клиника за очни болести-Скопје.
27. Јавна здравствена установа Клиника за гинекологија и акушерство-Скопје.
28. Јавна здравствена установа Клиника за психијатрија-Скопје.
29. Јавна здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје и
30. Јавна здравствена установа Ургентен центар – Скопје.

Член 2

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје Организациона единица (ОЕ) Институт за радиологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Институт за радиологија-Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна дејност од областа на радиологијата, во која се врши научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Инситут за радиологија – Скопје се именува д-р Надица Митревска.

Член 3

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Институт за радиотерапија и онкологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Институт за радиотерапија и онкологија-Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на радиотерапијата и онкологијата, во која се врши научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Институт за радиотерапија и онкологија-Скопје се именува д-р Наталија Петрушевска.

Член 4

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје Организациона единица (ОЕ) Институт за кардиоваскуларни заболувања, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за кардиологија-Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на кардиологијата и кардиоваскуларните заболувања, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за кардиологија-Скопје се именува д-р Сашко Кедев.

Член 5

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје Организациона единица (ОЕ) Институт за клиничка биохемија и делот од Организациона единица (ОЕ) Заеднички служби на хирушките клиники кој ја опфаќа лабораторијата, продолжуваат да работат како Јавна здравствена установа Институт клиничка биохемија-Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и лабораториска дејност од областа на медицинската биохемија, во која се врши научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Институт за клиничка биохемија-Скопје се именува д-р Ангел Митревски.

Член 6

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за нефрологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за нефрологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на нефрологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за нефрологија – Скопје се именува д-р Александар Шиколе.

Член 7

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за гастроентерохепатологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за гастроентерохепатологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на гастроентерохепатологијата, во која се изведува обазовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за гастроентерохепатологија – Скопје се именува д-р Ненад Јоксимовиќ.

Член 8

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за пулмологија и алергологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за пулмологија и алергологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на пулмологијата и алергологијата и дијабетологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за пулмологија и алергологија – Скопје се именува д-р Деса Димитриевска.

Член 9

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на ендокринологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје се именува д-р Чедомир Димитровски.

Член 10

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за ревматологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за ревматологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на ревматологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за ревматологија – Скопје се именува д-р Јордан Чаловски.

Член 11

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за хематологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за хематологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на хематолошките заболувања, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за хематологија – Скопје се именува д-р Лидија Чевревска.

Член 12

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за токсикологија, продолжува да работи како јавна здравствена установа Клиника за токсикологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на токсикологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за токсикологија – Скопје се именува д-р Андон Чибишев.

Член 13

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за детски болести, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за детски болести – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на педијатријата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за детски болести – Скопје се именува д-р Ацо Костовски.

Член 14

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на инфективните болести, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје се именува д-р Звонко Миленковиќ.

Член 15

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за дерматологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на кожните и венерични болести, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за дерматологија – Скопје се именува д-р Небојша Пешиќ.

Член 16

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за неврологија, продолжува да работи како Јавната здравствена установа Клиника за неврологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на неврологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за неврологија – Скопје се именува д-р Вера Петрова.

Член 17

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за трауматологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за трауматологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на трауматологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за трауматологија – Скопје се именува д-р Славчо Стојменски.

Член 18

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за урологија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за урологија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на урологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачката дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за урологија – Скопје се именува д-р Живко Попов.

Член 19

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за неврохирургија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за неврохирургија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на неврохирургијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за неврохирургија – Скопје се именува д-р Александар Чапароски.

Член 20

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за дигестивна хирургија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за дигестивна хирургија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на дигестивната хирургија, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за дигестивна хирургија – Скопје се именува д-р Никола Јанкуловски.

Член 21

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за торакална и васкуларна хирургија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на торакалната и васкуларната хирургија, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачката дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје се именува д-р Зоран Спировски.

Член 22

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за пластична и реконструктивна хирургија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје за вршење на специјалистичко-кон-

султативна и болничка дејност од областа на пластичната хирургија, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје се именува д-р Смиља Туџарова.

Член 23

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за детска хирургија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за детска хирургија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на детската хирургија, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за детска хирургија – Скопје се именува д-р Перо Петровски.

Член 24

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ), продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на анестезијата, реанимацијата и интензивното лекување на критични болни, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) – Скопје се именува д-р Зорка Тодоровска.

Член 25

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за ортопедски болести, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за ортопедски болести – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на ортопедските болести, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за ортопедски болести - Скопје се именува д-р Горѓи Зафировски.

Член 26

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за уво, нос и грло, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за уво, нос и грло – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на оториноларингологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно – истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за уво, нос и грло, – Скопје се именува д-р Никола Николовски.

Член 27

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за очни болести, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за очни болести-Скопје, за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на офталмологијата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за очни болести – Скопје се именува д-р Елена Џајковска.

Член 28

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за гинекологија и акушерство продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје за вршење на специјалистичко консултативна и болничка дејност од областа на гинекологијата и акушерството во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за гинекологија и акушерство– Скопје се именува д-р Адела Поп Стефанија.

Член 29

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Клиника за психијатрија, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Клиника за психијатрија – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на психијатријата, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Клиника за психијатрија – Скопје се именува д-р Викторија Вујовиќ-Пановска.

Член 30

Делот од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје Организациона единица (ОЕ) Завод за рехабилитација на слух, говор и глас, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје за вршење на специјалистичко-консултативна дејност од областа на пореметувањето на слухот, говорот и гласот и други дејности согласно член 106 од Законот за здравствената заштита.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје се именува Живка Јордановска.

Член 31

Дел од Организационата единица (ОЕ) Заеднички служби на хируршките клиники при Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје, продолжува да работи како Јавна здравствена установа Ургентен центар – Скопје за лекување на ургентни случаи од делокругот на интернистичката и хируршката дејност.

За вршител на должноста директор на Јавната здравствена установа Ургентен центар – Скопје се именува д-р Кирил Лозанче.

Член 32

Деловите од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје Организациона единица (ОЕ) Заеднички служби и делот од Организационата единица (ОЕ) Заеднички служби на хируршките клиники кој ја опфаќа централната стерилизација и општо техничките работи, се организира и продолжува да работи како Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти – Скопје, за извршување на работите од заеднички интерес во делот на централната стерилизација, исхраната на болните, правни, економско-финансиски, комерцијално-фармацевтски, технички, административни, компјутерско-информатичките работи, работи за обезбедување и заштита на имот и лица, користењето и одржувањето на паркинг просторот и други заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи од член 1 на оваа одлука, освен набавките на лекови, медицински материјал, ситен инвентар, опрема, медицински помагала и сл. кои самостојно врз основа на своја одлука и јавен тендер, согласно Законот за јавни набавки ги вршат јавните здравствени установи од член 1 на оваа одлука, освен во случаите кога тие самостојно ќе донесат одлука да се здружат во одредени јавни набавки.

За вршител на должноста директор на Јавната установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти – Скопје се именува Нусрет Дема.

Член 33

Уписот во Централниот регистар на Република Македонија на јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 од оваа одлука ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Со денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 од оваа одлука ги преземаат вработените, просторот, опремата, средствата за работа и објектите во кои организационите единици (ОЕ) ги вршат дејностите.

Вработените во делот од Организационата единица (ОЕ) Заеднички служби на хируршките клиники кој ја опфаќа администрацијата ги преземаат Јавните здравствени установи од членот 1 точка 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 30 на оваа одлука, поседнакво по осум лица.

Со денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија јавната установа од членот 32 на оваа одлука, ги презема објектите на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје во кои се врши трговска и друг вид на дејност.

Член 34

Донесувањето на статутот, изборот на членовите на органот на управувањето и именувањето на директорите на јавните здравствени установи од член 1 на оваа одлука ќе се изврши во рок од три месеци од денот на нивните упис во Централниот регистар на Република Македонија.

Членовите на органот на управувањето и именувањето на директорот на јавната установа од членот 32 на оваа одлука ќе ги именува Владата на Република Македонија во рок од три месеци од денот на нејзиниот упис во Централниот регистар на Република Македонија.

Статутот на јавната установа од членот 32 на оваа одлука ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на именувањето на органот на управувањето од став 2 на овој член.

Член 35

Средствата за работа на јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 на оваа одлука ќе се обезбедуваат од Фондот за здравственото осигурување на Македонија, како и од сопствени приходи.

Средствата од ставот 1 на овој член јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 на оваа одлука се обезбедуваат врз основа на договор склучен со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 36

Актите на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје продолжуваат да се применуваат најдоцна до шест месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 37

Јавните здравствени установи од членот 1 на оваа одлука ќе склучат договори за уредување на меѓусебните односи со јавната установа од членот 32 на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на именувањето на органите од член 34 на оваа одлука.

Член 38

Со денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија јавната установа од членот 32 од оваа одлука ги презема побарувањата и долговите настанати до денот на уписот на јавните здравствени установи од членот 1 од оваа одлука во Централниот регистар на Република Македонија.

Побарувањата и долговите од Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар – Скопје настанати по денот на уписот на јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 од оваа одлука во Централниот регистар на Република Македонија ги преземаат јавните здравствени установи од членот 1 и јавната установа од членот 32 од оваа одлука.

Јавната установа од членот 32 од оваа одлука во рок од 30 дена по уписот во Централниот регистар на Република Македонија ќе склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија со кој ќе се уреди динамиката и начинот за подмирување на преземените долгови.

Член 39

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање на Клинички центар – Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/96).

Член 40

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3888/1
26 јуни 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

1333.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.08.2007 година донесе

О Д Л У К А
ЗА КУПУВАЊЕ ИЛИ ГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Владата на Република Македонија одобрува употреба на 40 милиони евра од девизните резерви за купување или градба на објекти за амбасади, конзулати и други дипломатски претставништва на Република Македонија.

Член 2

Владата одобрува средствата од член 1 на оваа одлука да бидат реализирани од страна на Министерството за надворешни работи во текот на 2007-2008 година, за купување или градба на сопствени објекти за Дипломатските конзуларни претставништва, во следните градови:

- Виена (Австрија),
- Љубљана (Словенија),
- Прага (Чешка Република),
- Анкара (Турција),
- Истанбул (Турција),
- Варшава (Полска),
- Солун (Грција),
- Будимпешта (Унгарија),
- Софија (Бугарија),
- Стокхолм (Шведска),
- Рим (Италија),
- Мадрид (Шпанија),
- Букурешт (Романија),
- Лондон (Велика Британија),
- Москва (Русија).

Член 3

Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за финансии да ги преземе сите потребни активности за остварување на оваа одлука, согласно закон.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5217/1
21 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1334.

Врз основа на член 20 став 5 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04, 31/06 и 30/07) и член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.08.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2007 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија за 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/07 и 58/07, се вршат следните измени и дополнувања:

Во делот ПРИХОДИ под точка 1 износот „1.500.000.000“ се заменува со износот „1.604.000.000“.

Под точка 2 износот „900.000.000“ се заменува со износот „830.000.000“.

Под точка 6 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- Светска банка со износ од 91.965.000“.

Во делот РАСХОДИ I. Расходи за Администрација износот од „142.000.000“ се заменува со износот „86.790.000“.

Под точка 1 износот „21.000.000“ се заменува со износот „23.000.000“.

Под точка 2 износот „117.700.000“ се заменува со износот „60.490.000“.

Во II. Расходи за изградба и одржување на патишта износот „4.410.689.000“ се заменува со износот „4.591.864.000“.

Под точка 1 износот „1.342.689.000“ се заменува со износот „1.434.654.000“.

Во точка 1 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- Табановце – Куманово во износ од 91.965.000“.

Под точка 3 износот „11.300.000“ се заменува со износот „150.200.000“.

Во алинеја 1 под точка 3 износот „5.000.000“ се заменува со износот „43.000.000“.

Во алинеја 2 под точка 3 износот „100.000“ се заменува со износот „47.000.000“.

Во алинеја 3 под точка 3 износот „100.000“ се заменува со износот „30.000.000“.

Во алинеја 4 под точка 3 износот „6.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

Во алинеја 5 под точка 3 износот „100.000“ се заменува со износот „18.200.000“.

Под точка 4 износот „217.900.000“ се заменува со износот „309.110.000“.

Во алинеја 1 под точка 4 износот „80.000.000“ се заменува со износот „100.000.000“.

Во алинеја 2 под точка 4 износот „38.000.000“ се заменува со износот „68.000.000“.

Во алинеја 3 под точка 4 износот „87.000.000“ се заменува со износот „50.000.000“.

Во алинеја 4 под точка 4 износот „8.000.000“ се заменува со износот „58.000.000“.

Во точка 4 по алинеја 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6 кои гласат:

„- Р-106 Градско – Прилеп во износ од 15.000.000

- Крак за ски центар Кожув во износ од 10.000.000“.

Под точка 4 алинеја 5 која станува алинеја 7 износот „4.900.000“ се заменува со износот „8.110.000“.

Под точка 5 износот „135.700.000“ се заменува со износот „251.947.463“.

Во алинеја 1 под точка 5 износот „38.700.000“ се заменува со износот „124.947.463“.

Во алинеја 2 под точка 5 износот „45.000.000“ се заменува со износот „50.000.000“.

Во алинеја 3 под точка 5 износот „52.000.000“ се заменува со износот „77.000.000“.

Под точка 7 износот „500.000.000“ се заменува со износот „499.000.000“.

Под точка 8 износот „981.416.000“ се заменува со износот „725.268.537“.

Во алинеја 1 под точка 8 износот „653.166.000“ се заменува со износот „480.136.416“.

Во алинеја 2 под точка 8 износот „328.250.000“ се заменува со износот „245.132.121“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-706/2
16 август 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/07, направена е техничка грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Во член 1, во ред 2, бројот на Одлуката на која се врши изменување, наместо бројот „19-4670/1“ треба да стои бројот „19-4760/1“.

Бр. 19-4076/2
16 август 2007 година
Скопје

Од Владата на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

1335.

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 64/05), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

Член 1

Во Правилникот за класификација на приходите (“Службен весник на РМ” бр. 100/01, 45/03, 7/04, 85/04, 42/05, 68/05, 30/06, 84/06, 138/06 и 55/07), во Класификацијата на приходите на синтетичките конта од класата 7-Приходи, во поткатегоријата 71-Даночни приходи, ставка 711-Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, во аналитичката ставка 7112-Данок на добивка, по потставката 711228 се додава нова потставка 711229 која гласи:

“711229 годишен паушал за микропретпријатија“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-30285/1
15 август 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

1336.

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05), министерот за финансии донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ И ПОВРАТ НА ЈАВНИТЕ ПРИХОДИ

1. Во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и повраг на јавните приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/06, 42/06, 84/06, 138/06 и 54/07) во шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи, во делот I. Приходи на Републиката и единиците на локалната самоуправа, во точката 1. Данок на добивка по реден број 9 се додава нова уплатна сметка под реден број 10 која гласи:

10.	840-01151	годишен паушал за микропретпријатија	711229

2. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-30284/1
15 август 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

1337.

Врз основа на член 27 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИИТЕ И ВИДОВИТЕ МЕРИЛА ЗА КОИ Е ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВЕРИФИКАЦИЈАТА, ПОСТАПКИТЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА, РОКОВИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ВЕРИФИКАЦИЈА, КАКО И КАТЕГОРИИТЕ И ВИДОВИТЕ МЕРИЛА ЗА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат категориите и видовите мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација.

Член 2

Категориите и видовите мерила, за кои е задолжителна верификацијата, и роковите на важноста на периодичната верификација се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Категориите и видовите мерила за кои може да се добие овластување за верификација, се дадени во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Временскиот рок на периодичната верификација утврден во Прилог 1, доколку е подолг од 1 година, тече од првиот ден на календарската година што следи по годината во која е извршена првата верификација.

Временскиот рок на периодичната верификација утврден во Прилог 1, доколку е 1 година или покус, тече од првиот ден на кварталот што следи по кварталот во кој е извршена првата верификација.

Член 4

Постапките за верификација се регулирани со Правилникот за начинот и постапката за прва, периодична и вонредна верификација на мерилата („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/07).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за определување на видовите на мерила за кои е задолжително испитувањето на типот, прегледот и роковите во кои се врши периодичен преглед на еталоните и мерилата („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/96).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 25-3729/3
14 август 2007 година
Скопје

Министер,
Вера Рафајловска, с.р.

Прилог 1

КАТЕГОРИИТЕ И ВИДОВИТЕ МЕРИЛА ЗА КОИ Е ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВЕРИФИКАЦИЈА И РОКОВИ НА ПЕРИОДИЧНА ВЕРИФИКАЦИЈА

ВИДОВИ МЕРИЛА	ПЕРИОДИЧНА ВЕРИФИКАЦИЈА (ГОДИНИ)	ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА ТИП НА МЕРИЛО
01 ДОЛЖИНА		
Машина за мерење на должина на жица и кабел	2	
Мерила за дебелина	2	*
Автоматски мерила на нивото на течности во неподвижни резервоари	1	*
Мерила за ширина и надвишување на колосек	1	*
Мерила за должина кои се користат за општа намена	2	*
Мерни летви за мерење на нивото на течности	2	*
02 ПОВРШИНА		
Машини за мерење на површина	2	
03 ЗАФАТНИНА И ПРОТОК		
Авто-цистерни, вагон-цистерни и преносни цистерни	5	
Буриња, кади, канти и балони	5	
Хоризонтални цилиндрични резервоари	10	
Проточни мерила на количина на гас со мерна дијафрагма	2	*
Проточни мерила за зафатнина на течности со посреден начин на мерење	3	*
Проточни мерила на зафатнина за разни течности, со непосредно мерење на зафатнината	1	*
Проточни мерила за зафатнина на гас	5	*
Рамки на мерење дрва	1	
Разладни садови за млеко (лактофризи), млекомери и мерни садови	5	*
Мерила за течни горива	1	*
Вертикални цилиндрични резервоари	10	
Водомери	5	*
Мерила што ја коригираат зафатнината на протечен гас	5	*
Мерила за сипливи материјали	5	
Проточни мерила на зафатнина за разни течности што се наоѓаат во мерен склоп	1	*
04 МАСА		
Еталонски тегови со маси од 50 kg и од 5000 kg	1	
Кукишта на друмски и шински ваги	1	
Автоматски ваги со собирање на дисконтинуирни резултати од мерењето	1	*
Ваги со неавтоматско функционирање од класа на точност (I), (II), (III), (IIII)	1 или 2	*
Ваги за градежни цели	1	
Ваги за мерење на возила во движење	1	*
Мостови на друмски и шински ваги	1	
Направи за одредување на хектолитарска маса на житарици и маслодајни растенија	1	*
Тегови со номинални маси од 1 mg до 50 kg	1	
05 ПРИТИСОК		
Манометри за мерење на крвен притисок	1	*
Манометри за мерење притисок во пневматици	1	*
06 ГУСТИНА		
Ареометри со постојана маса	5	*
07 КОНЦЕНТРАЦИЈА		
Алкохолометри	5	
Анализатори за гасови	1	*
Етилометри	1	*
Мерачи на влага за зрна од житарици и семки од маслодајни растенија	1	*

ВИДОВИ МЕРИЛА	ПЕРИОДИЧНА ВЕРИФИКАЦИЈА (ГОДИНИ)	ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА ТИП НА МЕРИЛО
08 ИНДЕКС НА ПРЕКРШУВАЊЕ		
Автоматски рефрактометри со кои се мери масената содржина (масен удел) на шеќер во шира	1	
09 ТЕМПЕРАТУРА		
Отпорни термометри	1	*
Полуспроводнички отпорни термометри со негативен температурен коефициент на отпорноста	1	
Полуспроводнички отпорни термометри со позитивен температурен коефициент на отпорноста	1	
10 ВРЕМЕ И ФРЕКФЕНЦИЈА		
Вклопни часовници за мерни групи за мерење на електрична енергија	10	*
Вклопни часовници за мерни групи за мерење на електрична енергија вклопник за максимум	6	*
Вклопни часовници за тарифите во телекомуникацискиот сообраќај	1	
Давачи на импулси во телекомуникациски сообраќај	1	
Паркинг часовници	1	
11 ЕЛЕКТРОМАГНЕТНИ ВЕЛИЧИНИ		
Мерни трансформатори во бројила за електрична енергија	5	*
Статички бројила на активна и реактивна електрична енергија, со класа на точност 0,2 S и 0,5 S	3	*
Индукциски бројила за електрична енергија	10	*
Покажувачи на максимум од класа 1.0 (максимална моќност со класа на точност 1.0)	3	*
Статички бројила за активна електрична енергија со класа на точност 1 и 2	10	*
Омметар за мерење заземјување	2	*
12 ФОТОМЕТРИСКИ ВЕЛИЧИНИ		
Фотоелектрични луксметри – мерила за осветленост (илуминација)	3	*
Фотоелектрични луминансметри – мерила за светливост (луминација)	3	*
Фотометриски светилки со усвитено волфрамово влакно – мерила за светлосна јачина	3	*
13 МЕРИЛА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ И ОСТАНАТИ ФИЗИЧКИ ВЕЛИЧИНИ		
Доплерови радари	1	*
Тахографи	1	*
Уреди за испитување на таксаметри	2	
Таксаметри	1	*
Мерила за топлотна енергија	5	*

Прилог 2

КАТЕГОРИИТЕ И ВИДОВИТЕ МЕРИЛА ЗА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ДОДЕЛИ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДИЧНА И ВОНРЕДНА ВЕРИФИКАЦИЈА

ВИДОВИ МЕРИЛА
01 ДОЛЖИНА
Машина за мерење на должина на жица и кабел
Мерила за мерење дебелина
Мерила за мерење ширина и надвишувања на колосек
Мерила за мерење должина кои се користат за општа намена
Мерни летви за мерење на нивото на течности
02 ПОВРШИНА
Машини за мерење на површина
03 ЗАФАТНИНА
Авто-цистерни, вагони-цистерни и пренсони цистерни
Разладни садови за млеко (лактофризи), млекомери и мерни садови
05 ПРИТИСОК
Манометри за мерење крвен притисок
Манометри за мерење притисок во пневматици
06 ГУСТИНА
Аерометри со постојана маса
07 КОНЦЕНТРАЦИЈА
Алкохолометри
Аналиозатори за гасови
Етилометри
08 ИНДЕКС НА ПРЕКРШУВАЊЕ
Автоматски рефрактометри со кои се мери масената содржина (масен удел) на шеќер во шира
09 ТЕМПЕРАТУРА
Отпорни термометри
12 ФОТОМЕТРИСКИ ВЕЛИЧИНИ
Фотоелектрични луксметри – мерила за осветленост (илуминација)
Фотоелектрични луминансметри –мерила за светливост (луминација)
Фотометриски светилки со усвитено волфрамово влакно – мерила за светлосна јачина
13 МЕРИЛА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ И ОСТАНАТИ ФИЗИЧКИ ВЕЛИЧИНИ
Тахографи

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

1338.

Врз основа на член 267 став 1 алинеја 5 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005) и врз основа на членот 96 од Законот за високото образование на Република Македонија, министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА КВАЛИФИКАЦИЈА СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

1. Со ова решение се поништува Одлуката за признавање високообразовна квалификација стекната во странство издадено на име Јасер Весели, со деловоден број 09-3407/1 од 15.06.2007 година, издадена од министерот за образование и наука на Република Македонија.

2. Уверението се поништува заради содржана неправилност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 09-3407/3
30 јули 2007 година
Скопје

Министер,
Сулејман Рушити, с.р.

1339.

Врз основа на член 267 став 1 алинеја 5 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005) и врз основа на членот 96 од Законот за високото образование на Република Македонија, министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА КВАЛИФИКАЦИЈА СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

1. Со ова решение се поништува Одлуката за признавање високообразовна квалификација стекната во странство издадено на име Вехби Шеху, со деловоден број 09-343/1 од 15.06.2007 година, издадена од министерот за образование и наука на Република Македонија.

2. Уверението се поништува заради содржана неправилност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 09-343/3-06
30 јули 2007 година
Скопје

Министер,
Сулејман Рушити, с.р.

1340.

Врз основа на член 267 став 1 алинеја 5 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005) и врз основа на членот 96 од Законот за високото образование на Република Македонија, министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА КВАЛИФИКАЦИЈА СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

1. Со ова решение се поништува Одлуката за признавање високообразовна квалификација стекната во странство издадено на име Валдета Елези, со деловоден број 09-3705/1 од 15.06.2007 година, издадена од министерот за образование и наука на Република Македонија.

2. Уверението се поништува заради содржана неправилност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 09-3705/3
30 јули 2007 година
Скопје

Министер,
Сулејман Рушити, с.р.

_____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1341.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје број 01-1008/7, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 02.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 10-6567/1
1 август 2007 година
Скопје

Министер,
Љупчо Мешков, с.р.

_____

1342.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СТРУМИЦА

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Струмица, број 01-5490/3, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 16.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 10-7071/1
1 август 2007 година
Скопје

Министер,
Љупчо Мешков, с.р.

_____

1343.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СВЕТИ НИКОЛЕ

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Свети Николе број 01-114/4, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 03.04.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 10-608/4
1 август 2007 година
Скопје

Министер,
Љупчо Мешков, с.р.

_____

1344.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КОЧАНИ

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Кочани, број 0101-179, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 05.06.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 10-7563/1
1 август 2007 година
Скопје

Министер,
Љупчо Мешков, с.р.

_____

1345.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГОСТИВАР

1.Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гостивар број 02-358/3, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 20.04.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 10-5241/1
1 август 2007 година
Скопје

Министер,
Љупчо Мешков, с.р.

_____

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1346.

Врз основа на член 44 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000 и 29/2007) и член 231 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 8.08.2007 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

1. Се дава одобрение за основање на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, со седиште на бул. "Партизански одреди" бр. 8, 1000 Скопје, Република Македонија.

2. Основната главнина на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје изнесува 130.000 евра односно 7.951.398 денари, пресметано по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред усвојување на Статутот.

3. Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје има единствен предмет на работење - основање и управување со отворени инвестициони фондови, во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удели на отворените фондови.

4. Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје ќе основа и ќе управува со еден отворен инвестиционен фонд во свое име и за сметка на сопствениците на документи на удели во отворениот фонд.

5. Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје е должно до Комисијата за хартии од вредност да достави извод од извршената регистрација во рок од петнаесет дена по извршениот упис во Трговскиот регистар.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1562/6 Комисија за хартии од вредност
8 август 2007 година Претседател,
Скопје проф.д-р **Весна Пендовска,** с.р.

_____

1347.

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000 и 29/2007) и член 231 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 8.08.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност на Статутот УЗП 6921/07 од 22.06.2007 година на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, изготвен на ден 22.06.2007 година (пречистен текст).

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1563/3 Комисија за хартии од вредност
8 август 2007 година Претседател,
Скопје проф.д-р **Весна Пендовска,** с.р.

_____

1348.

Врз основа на член 44 став 1, точка 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000 и 29/2007), член 184 став 1, точка и) и член 231 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 8.08.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицата:

- Миа Зографска од Скопје, родена на 2.08.1976 година за извршен член на одборот на директори односно директор на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД - во основање Скопје;

- Владислав Панев од Република Бугарија, роден на 6.04.1976 година за неизвршен член на одборот на директори на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД - во основање Скопје;

- Георги Развигоров од Република Бугарија, роден на 18.06.1974 година за неизвршен член на одборот на директори на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД - во основање Скопје;

- Рајна Кацарова од Република Бугарија, родена на 28.02.1963 година за неизвршен член на одборот на директори на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД - во основање Скопје и

- Иван Иванов од Република Бугарија, роден на 21.10.1976 година за неизвршен независен член на одборот на директори на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД - во основање Скопје.

2. Согласноста за именување на лицата од точка 1 на ова решение се дава за периодот до одржувањето на првото годишно собрание на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, согласно Статутот УЗП 6921/07 од 22.06.2007 година на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, изготвен на ден 22.06.2007 година (пречистен текст).

3. Ова решение престанува да важи пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение со денот на разрешување на лицата од точка 1 на ова решение од функцијата членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, како и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1563/4 Комисија за хартии од вредност
8 август 2007 година Претседател,
Скопје проф.д-р **Весна Пендовска,** с.р.

_____

1349.

Врз основа на член 101 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05 и 25/07), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 8.08.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на Фимка Митева, дипломиран економист од Скопје, со ЕМБГ 2709961455053 за директор на Брокерската куќа Публикум АД Скопје, со седиште на ул. "Даме Груев" бр. 5, 1000 Скопје, Република Македонија.

2. Согласноста за именување на Фимка Митева за директор на Брокерската куќа Публикум АД Скопје се дава за периодот до одржувањето на првото годишно собрание на Друштвото, согласно Статутот на Брокерската куќа број: УЗП 2891/07 од 18.06.2007 година со кој кандидатот е именуван за директор на Брокерската куќа.

3. Согласноста за именување на Фимка Митева престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение, доколку лицето од точка 1 на ова решение биде разрешено од функцијата директор на Брокерската куќа Публикум АД Скопје, со денот на одземање на согласноста за именување на директор од страна на Комисијата за хартии од вредност и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1332/5 Комисија за хартии од вредност
8 август 2007 година Претседател,
Скопје проф.д-р **Весна Пендовска,** с.р.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

172.

Врз основа на член 9 став 1а точка 8 и став 1в точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25.07.2007 година, утврди

ЛИСТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа листа се утврдуваат лековите кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во примарната и во болничката здравствена заштита.

АТС Код	Генеричко име- INN	ДДД и единица мерка	Начин на примена	Фармацевтска дозажна форма	Јачина	Режим на препишување P/PC/PCC
1	2	3	4	5	6	7
A	**ЛЕКОВИ СО ДЕЈСТВО НА ДИГЕСТИВНИОТ ТРАКТ И МЕТАБОЛИЗМОТ**					
A01A	**СТОМАТОЛОШКИ ПРЕПАРАТИ**					
A01AA01	Sodium fluoride	1,1 mg	O	Таблети	0,25 mg	R, D
A01AA01	Sodium fluoride	1,1 mg	O	Таблети	1 mg	R, D
A02B	**ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА УЛКУСНА БОЛЕСТ**					
A02BA02	Ranitidine	0,3 g	O	Таблети/Филм обложени таблети	150mg	R
A02BA02	Ranitidine	0,3 g	O	Таблети/Филм обложени таблети	300mg	R
A02BA02	Ranitidine	0,3 g	P	Инјекции	50mg/2ml	R
A02BA03	Famotidine	40 mg	O	Таблети/Филм обложени таблети	20mg	R
A02BA03	Famotidine	40 mg	O	Таблети/Филм обложени таблети	40mg	R
A02BC01	Omeprazole**	20 mg	O	Капсули	20mg	RS
A02BC02	Pantoprazole***	40 mg	P	Инјекции	40mg	*
A02BC03	Lansoprazole**	30 mg	O	Капсули	30mg	RS
Индикации: а) Верифицирана улкусна болест резистентна на H-2 блокатори б), Ендоскопски дијагностициран рефлуксен езофагит в) Ерадикација на Helycobacter pylori						
*** **Индикации:** Третман на езофагогастродуоденални крвавења						
A03	**СПАЗМОЛИТИЦИ, АНТИХОЛИНЕРГИЦИ, ПРОПУЛЗИВИ**					
A03BA01	(+)Atropine	1,5mg	P	Инјекции	CPJ	*
A03FA01	Metoclopramide	30 mg	O	Таблети	10 mg	R
A03FA01	Metoclopramide	30 mg	O	Раствор за орална употреба	5mg/5ml	R
A03FA01	Metoclopramide	30 mg	P	Инјекции	5mg/ml	*

A04	**ЛЕКОВИ ПРОТИВ ГАДЕЊЕ И ПОВРАЌАЊЕ**					
A04AA01	Ondansetron**	16 mg	O	Таблети/Филм обложени таблети	CPJ	*
A04AA01	Ondansetron**	16 mg	P	Инјекции	2mg/ml	*
A04AA02	Granisetron **	2mg	O	Филм обложени таблети	1mg	*
A04AA02	Granisetron **	2mg	O	Филм обложени таблети	2mg	*
A04AA02	Granisetron **	3mg	P	Инјекции	1mg/ml	*
A04AA03	Tropisetron**	5 mg	O	Капсули	5mg	*
A04AA03	Tropisetron**	5 mg	P	Инјекции	1mg/ml	*
**Индикации: Сузбивање на тврдокорни повраќања предизвикани од еметогени лекови (цитостатици) кои не реагираат на терапија со metoclopramide						
A05	**ТЕРАПИЈА НА БИЛИЈАРЕН СИСТЕМ**					
A05AA02	Ursodeoxycholic acid	0,75 g	O	Капсули	250mg	RSS
RSS По препорака на лекар субспецијалист интернист-гастроентерохепатолог						
A05BA	**Терапија на хепар**					
A05BA06	Ornithine	-	P	Инјекции	5 g	*
A06	**ЛАКСАТИВИ**					
A06AB06	Senna glycosides	-	O	Сируп	2mg/ml	*
A07	**АНТИДИАРЕАЛНИ ЛЕКОВИ, ИНТЕСТИНАЛНИ АНТИИНФЛАМАТОРНИ И АНТИИФЕКТИВНИ ЛЕКОВИ**					
A07A	**ИНТЕСТИНАЛНИ АНТИИФЕКТИВНИ ЛЕКОВИ**					
A07AA02	Nystatin	1,5 MU	O	Суспензија	100000 IU/ml	R,D
A07AX03	Nifuroxazide	0,6 g	O	Капсули	100mg	R
A07AX03	Nifuroxazide	0,6 g	O	Капсули	200mg	R
A07AX03	Nifuroxazide	0,6 g	O	Суспензија	200mg/5ml	R
A07B	**ИНТЕСТИНАЛНИ АДСОРБЕНСИ**					
A07BA01	Carbo medicinalis	5 g	O	Таблети/ Гранули	CPJ	R
A07C	**ЕЛЕКТРОЛИТИ СО ЈАГЛЕНИ ХИДРАТИ**					
A07CA	Формулација на соли за орална рехидратација	-	O	прашок	CPJ	R
A07E	**ИНТЕСТИНАЛНИ АНТИИНФЛАМАТОРНИ ЛЕКОВИ**					
A07EC01	Sulfasalazine**	2 g	O	Таблети	500mg	RSS
A07EC02	Mesalazine**	1,5 g	O	Таблети	CPJ	RSS
A07EC02	Mesalazine**	1,5 g	R	Супозитории	500mg	RSS
A07EC02	Mesalazine**	1,5 g	R	Клизми	CPJ	RSS
**Индикации: Морбус Крон ; Улцерозен протоколит						
RSS-По препорака на : лекар субспецијалист-гастроентерохепатолог						

A09	**ЛЕКОВИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ДИГЕСТИЈА ВКЛУЧИТЕЛНО И ЕНЗИМИ**					
A09AA02	Amilase +Lipase+Protease/Pankreatin**	-	O	Капсули	CPJ	RS
**Индикации: Докажана инсуфициенција на панкреас						
- **RS/**По препорака на: лекар субспецијалист-гастроентерохепатолог; лекар специјалист-хирург; болнички педијатар						

A10	**ЛЕКОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРЕТМАН НА ДИЈАБЕТ**					
A10A	**ИНСУЛИНИ И АНАЛОЗИ ****					
A10AB	Инсулини и аналози со брзо дејство	40 U	P	СРФ	CPJ	RS
A10AC	Инсулини и аналози со средно дејство	40 U	P	СРФ	CPJ	RS
A10AD	Инсулини и аналози со средно дејство комбинирани со инсулини со брзо дејство	40 U	P	СРФ	CPJ	RS
A10AE	Инсулини и аналози со долго дејство	40 U	P	СРФ	CPJ	RS
** Со програма на Влада						
A10B	**ОРАЛНИ АНТИДИЈАБЕТСКИ ЛЕКОВИ**					
A10BA02	Metformin	2 g	O	Филм обложени таблети	CPJ	R
A10BB01	Glibenclamide	10 mg	O	Таблети	5mg	R
A10BG02	Rosiglitazone**	6 mg	O	Филм обложени таблети	4 mg	RSS
A10BX02	Repaglinide	4 mg	O	Таблети	0,5 mg	R
A10BX02	Repaglinide	4 mg	O	Таблети	1 mg	R
A10BX02	Repaglinide	4 mg	O	Таблети	2 mg	R
** Само во комбинација со метформин или друг орален антидијабетик						
A11	**ВИТАМИНИ**					
A11CA01	Retinol (Vit. A)	50 TU	P	Инјекции	300 000 IU./ml	*
A11CC04	Calcitriol**	1 mcg	O	Капсули	0,25mcg	RS
A11CC04	Calcitriol**	1 mcg	O	Капсули	0,5mcg	RS
**Индикации: Хронична инсуфициенција на бубрези и црн дроб						
RS-По препорака на: лекар специјалист-интернист; болнички педијатар						
A11CC05	Colecalciferol	-	O	Капки за орална употреба	4000 IU/ml	R
A11CC05	Colecalciferol	-	O	Капки за орална употреба	20000 IU/ml	R
A11CC05	Colecalciferol	-	P	Инјекции	50 000 IU	*
A11DA01	Thiamine (Vit. B1)	50 mg	P	Инјекции	100mg/ml	*
A11DA01	Thiamine (Vit. B1)	50 mg	P	Инјекции	250mg/2ml	*
A11GA01	Ascorbic acid (Vit.C)	0,2 g	P	Инјекции	100mg/ml	*
A11HA02	Pyridoxine (Vit.B6)	0,16 g	P	Инјекции	50mg/2ml	*
A11HA02	Pyridoxine (Vit.B6)	0,16 g	P	Инјекции	250mg/5ml	*
A12	**МИНЕРАЛНИ ДОДАТОЦИ**					
A12AA04	Calcium carbonate	3 g	O	Таблети	1g	R
A12AA06	Calcium lactate gluconate	-	P	Инјекции	100mg/ml	*
A12BA01	Potassium chloride	3 g	O	Таблети	500mg	R
B	**ЛЕКОВИ КОИ ДЕЛУВААТ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ**					
B01	**АНТИТРОМБОТИЧНИ ЛЕКОВИ**					
B01AA	**Антагонисти на витамин К**					
B01AA07	Acenocoumarol	5 mg	O	Таблети	4mg	RS
B01AA08	Ethyl biscoumacetate	0,6 g	O	Таблети	300mg	RS
RS-По препорака на: лекар специјалист-интернист						

B01AB	**Хепарини**					
B01AB01	Heparin	10 TU	P	Инјекции	CPJ	*
B01AB05	Enoxaparin	2 TU	P	Инјекции	CPJ	*
B01AC	**Инхибитори на агрегацијата на тромбоцитите (со исклучок на хепарини)**					
B01AC05	Ticlopidine**	0,5g	O	Таблети	10mg	*
B01AC13	Abciximab***	25mg	P	Инјекции	2mg/ml	*
B01AC17	Tirofiban****	10 mg	P	Инјекции	CPJ	*
Индикации: Комбинирана терапија со ацетилсалицилна киселина по имплантација на стент во времетраење до 1 месец						
***Индикации:** Пациенти со СТЕМИ пред примарна ПКИ						
****Индикации:** Пациенти со нестабилна ангина пекторис/БСТЕМИ кои се со висок ризик од појава на несакани коронарни збиднувања пред дијагностичка ангиографија или перкутани коронарни интервенции, односно кај кои не се планира дијагностичка ангиографија или перкутани коронарни интервенции						
B01AD	**Ензими**					
B01AD01	Streptokinase**	1,5 MU	P	Инјекции	CPJ	*I
B01AD02	Alteplase**	0,1 g	P	Инјекции	CPJ	*I
B01AD07	Reteplase**	20 E	P	Инјекции	CPJ	*I
Индикации:						
-Пациенти со СТЕМИ						
-Масивна белодробна емболија придружена со хемодинамско нарушување(шок и хипотензија)						
-Висока илеофеморална тромбоза						
Тромбоза на горните екстремитети						
*I Само во единици на интензивна нега						
B02	**АНТИХЕМОРАГИЧНИ ЛЕКОВИ**					
B02A	АНТИФИБРИНОЛИТИЦИ					
B02AB01	Aprotinin**	500 TU	P	Инјекции	500 000 KIU	*
B02BX02	Carbazocrome**	-	P	Инјекции	10 mg/2 ml	*
Индикации:						
-За хируршки индикации како антифибринолитик, но не и за третман на акутен панкреатит						
B02B	**ВИТАМИН К И ДРУГИ ХЕМОСТАТИЦИ**					
B0ABA	**Витамин К**					
